Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива
Бр.16 – 40976/1

Скопје, 31.12.2018 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

Предмет: Барање за доставување податоци и информации

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ни ги доставите следниве податоци:

1. Број на вработени и нивната структура според степенот на образование, со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 1);

2. Број на филијали, експозитури, шалтери и претставништва според региони со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 2);

3. Податоци за капиталот и акционерската структура, и тоа:

    - структура на акционерскиот капитал според видот на акционерот и според видот на акциите (обични и приоритетни акции) со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 3(1));
    - структура на акционерскиот капитал според земјата на потекло на акционерите со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 3(2));

4. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 4);

5. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 5);

6. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во четвртиот квартал од 2018 година, при што посебно се прикажуваат отпишаните побарувања врз основа на Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2014) (образец бр. 6);

7. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во четвртиот квартал од 2018 година (образец бр. 7);

**Народна банка на Република Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-175
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

8. Преглед на реструктурираните кредити со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 8);

9. Број на примени, прифатени и одбиени кредитни барања во втората половина од 2018 година, за одделните кредитни производи од физичките лица и вкупно од нефинансиските друштва, за секој месец одделно? (образец бр. 9);

10. Износ на кредити одобрени со исклучоци[1] во однос на стандардните критериуми за одобрување кредити, воспоставени од страна на банката, по одделни кредитни производи на домаќинствата (образец бр. 10). Исклучоците од стандардните критериуми за одобрување кредити се однесуваат, пред сè, на следново: висината или типот на каматната стапка, рокот на отплата на кредитот, возраст на клиентот при аплицирање и отплата на кредитот, соодносот рата/плата, минимален месечен приход на клиентот, одобрен износ на кредитот, барање за ко-кредитобарател, потребни документи или слично;

11. Валутна структура на депозитите и тековните сметки, по одделни сектори, со состојба на 31.12.2018 година (образец бр. 11);

12. Податоци за активностите на банките за управување со нефункционалните кредити и преземениот имот врз основа на ненаплатени побарувања (образец бр. 12);

13. Податоци за структурата на приходите и расходите од провизии и надоместоци по години (образец бр. 13).

Ве молиме да ги доставите бараните податоци и одговорите на поставените прашања до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 22.2.2019 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129), Драгица Тасевска (тел.: 3108 355) или Маја Илиевска (тел.: 3108 292).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева
______________________

[1] Според Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13, 157/13 и 223/15), политиката за управување со кредитниот ризик или интерните акти за идентификување, мерење, контрола или намалување и следење на кредитниот ризик (правила, процедури и слично), коишто банката е должна да ги воспостави и да ги примени, треба, меѓудругото, да содржат дефинирање на дозволените исклучоци од критериумите за одобрување кредити и друг облик на кредитна изложеност и постапката за нивно одобрување. Исто така, согласно со истата одлука, информативниот систем (системот за известување) на банката треба да обезбеди извештаи за кредитните изложености одобрени врз основа на дозволените исклучоци.